# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 69 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 3/02, 51/03, 85/03 и 40/04) и врз основа на точка 2 од Одлуката за доставување и дистрибуција на податоци за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 30/04), гувернерот на Народна банка на Република Македонија го донесува следното:

## У П А Т С Т В О
**за измени и дополнување на Упатството за доставување податоци за платниот промет од страна на носителите на платниот промет**
**("Службен весник на Република Македонија" број 44/05)**

1. Во Упатството за доставување податоци за платниот промет од страна на носителите на платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 38/04) се врши дополнување во точка 3.3.2 "промет по платежни картички" во табелата на Образец ПС - 09 во графата "вид на податоци" по податокот под "4.2 на изнајмени АТМи" се додава нов податок означен со "4.3 преку други уреди"

2. Ова Упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.08.2005 година.

У.бр.14-2/2005 Гувернер
9 јуни 2005 година м-р Петар Гошев, с.р.
Скопје

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB

О б р а з л о ж е н и е

При анализа на податоците кои што ги доставуваат банките, се наметна потреба од дополнувањето на Упатството за доставување податоци за платниот промет од страна на носителите на платниот промет ("Службен весник на Република Македонија број 38/04"). Имено на шалтерите на банките се одвиваат трансакции на подигање на готовина со картички, чии операции се еквивалентни со оние на подигање на готовина преку АТМи, од тие причини направено е дополнување на Образец ПС - 09 со цел да се добијат поквалитетни податоци за прометот на платежните картички.